РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1619/2

27-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 57-седница одржана на 21.12.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1619/1 од 19.04.2021 година, во која се изразува незадоволство од работењето --------- на РСМ, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1619/1 од 19.04.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 19.04.2021 година, поднесена е пријава во која се изразува во која се изразува незадоволство од работењето -------------- на РСМ и оформен е предмет број 12-1619/1 од 19.04.2021 година.

Во пријавата, пријавителот известуваат дека по доставено барање до --------- на РСМ на 28.11.2018 и доставени три ургенции, немало одговор од споменатиот суд. Барањето било доставено врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот. Пријавителот бара ДКСК да констатира дека поради неодлучување на судот по барање посредно се упатува на заклучок дека -------- не наоѓа интерес да постапува по барањето, што не ја исклучува можноста да тој и интерес е материјален или од друг карактер, со што посредно не ја исклучува можноста за коруптивно однесување на истиот суд.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, односно пријавените наводи/ дејствие не е корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Изготвил: С.М
Одобрил: м-р Ш.С- член на ДКСК